**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за стручно лице кое ќе испорача курс по ромски јазик, историја и култура за академската 2018/2019 година**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ објавува повик за стручно лице кое ќе испорача курс по ромски јазик, историја и култура, со цел зголемување на информираноста на студентите Роми за ромскиот јазик, историја и култура, зајакнување на нивниот ромски идентитет, како и воспоставување на позитивни практики за учење и негување на ромскиот јазик, историја, култура и идентитет во рамки на проектот: „Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“, финансиски поддржан од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

**Теми предвидени во наставната програма на курсот се:**

- Ромски идентитет;
- Историја на Ромите;
- Ромски јазик;
- Ромска култура;
- Наративот за Ромите.

Курсот треба да се реализира во период од февруари до мај 2019 година, во Скопје.

**Работни задачи на стручното лице кое ќе го испорача курсот се:**

- Да подготви и дистрибуира наставен план и подготовка на програма со околу 20 наставни единици (1 наставна единица = 45 минути), земајќи ги во предвид горенаведените теми;
- Да подготви и дистрибуира наставни материјали за секој учесник на курсот;
- Да организира и спроведува наставни единици;
- Да обезбеди хартиена и електронска евиденција за учесниците на курсот;
- Да подготви и спроведе почетни тестирања за утврдување на нивото на знаења на учесниците и завршни тестирања;
- Наставата да ја изведува согласно утврдениот наставен план и подготовената програма.

Селектираното лице кое ќе го испорачува курсот по ромски јазик, историја и култура пред испораката ќе склучи договор за авторско дело со Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во кој ќе се регулираат договорените работни задачи и висината на авторкиот надоместок.

**Услови за пријавување**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнат следните услови:

- Да имаат завршено високо образование (предност ќе имаат кандидатите со завршен трет циклус на студии);
- Да имаат работно искуство во испорака на курс за наведените теми или да одржувале настава по ромски јазик, историја и култура;
- Да имаат добро познавање на педагошките пристапи на учење, методи и методологија на работа.

**Документи за пријавување**

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи:

- Документ кој ќе го потврди степенот на завршено високо образование;
- Кратка биографија која ќе го содржи работното искуство на кандидатите во испорака на курс или настава за наведените теми;
- Наставен план за темите;
- Листа на стручни трудови поврзани со ромски јазик, историја и култура.

**Начин на пријавување**

Документите за пријавување треба да се доставаt по електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk , со назнака ***за пријавување на повик за стручно лице кое ќе испорача курс по ромски јазик, историја и култура 2019***.

**Рок за пријавување**

Пријавувањето за повикот за стручно лице кое ќе испорача курс по ромски јазик, историја и култура за академската 2018/19 година е најдоцна до **31 јануари, 2019 година**.

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Критериуми при процесот на селекција на кандидати се:

- Степен на завршено образование;
- Искуство во испорака на курс/настава на темите кои се наведени на овој повик;
- Квалитетот на доставени документи.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје, или на тел: 076/443-773, секој работен ден од 10.00 до 18:00 часот или електронски на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk.